факти

# Злоупотреба и запоставување на деца

Насекаде се известува за чедоморство, сакатење, напуштање и други форми на физичко или сексуално насилство врз децата. Злоупотребата на деца е глобален проблем кој е длабоко вкоренет во културната, економската и општествената практика.

## СТЕПЕН НА ПРОБЛЕМОТ

- Се проценува дека во 2000 г. 57 000 деца биле жртви на убиство. Сепак, многу детски умирања не се истражуваат рутински, ниту кај нив се врши аутопсија, со што се отежнува спознанието за вистинскиот степен на проблемот.
- Највисока стапка на фатална злоупотреба на децата е најдена кај децата на возраст помеѓу 0 и 4 години. Најчеста причина за смртта е повреда на главата, по која следат абдоминални повреди и намерно задушување.
- Умирањата се само видливиот дел на проблемот. Милиони деца се жртви на нефатално злоставување и запоставување. Во некои студии, помеѓу една четвртина и една половина од децата пријавуваат тешка и честа физичка злоупотреба, каде влегуваат тепање, клоцање, или врзување од страна на родителите.
- Расположивите податоци сугерираат и дека околу 20% од жените и 5-10% од мажите биле сексуално злоставени како деца.
- И во училиштата и другите институции има многубројни сурови казнувања во форма на удирање, удирање со тупаници, клоцање и тепање.
- Многу деца се предмет на психолошко или емоционално злоставување, како и на запоставување, иако вистинскиот степен на овие проблеми не е познат.

## ПОСЛЕДИЦИ ОД ЗЛОУПОТРЕБА И ЗАПОСТАВУВАЊЕ

Лошото здравје предизвикано од злоупотреба сочинува значаен дел од светскиот морбидитет.

Освен физичките повреди како гребнатините, модриците, изгорениците и попарениците, распорениците и скршениците, злоставувањето на децата се поврзува и со голем број други последици, вклучително:

- злоупотреба на дрога и алкохол
- когнитивни пречки и застој во развојот
- деликвентни, насилни и други ризични однесувања
- нарушувања во исхраната и сонот
- слаби училишни резултати
- лоши односи
- проблеми со репродуктивното здравје
- пост-травматски стресни нарушувања
- депресија и анксиозност
- нагон за самоубиство и себеповредување.

Многу од овие проблеми, за возврат, ги зголемуваат шансите за неколку главни форми на болести кај возрасните.

## КОИ СЕ РИЗИК-ФАКТОРИТЕ ЗА ЗЛОУПОТРЕБА НА ДЕЦА

Истражувањето укажа на поврзаност меѓу извесни карактеристики на детето и старателот, како и одлики на семејната средина, со злоупотребата и запоставувањето на децата.

Подложноста на злоупотреба, било да е физичка, сексуална или преку запоставување-делумно зависи од возраста и полот на детето. Малите деца се најмногу изложени на ризик од физичко злоставување, додека највисоки стапки на сексуално злоставување се утврдени кај децата што влегле во пубертет или адолесценција.

На повеќето места, момчињата се почесто жртви на тепања и физички казнувања, додека девојчињата трпат поголем ризик од чедоморство, сексуална злоупотреба, присилна проституција и образовно и нутритивно запоставување. Глобално, повеќе од 130 милиони деца помеѓу 6 и 11 години не се на училиште, од кои 60% се девојчиња.

Други фактори кои ја зголемуваат ранливоста на злоупотреба кај детето се:

- воспитување од страна на самохран родител, или од страна на многу млади родители без поддршка на пошироко семејство
- премногу членови на домаќинството
- немање приход за задоволување на семејните потреби
- присуство на други насилни односи во домот.

Родителите со поголема веројатност за злоупотреба на сопствените деца обично имаат ниска самопочит, лоша контрола на своите импулси, проблеми со менталното здравје и покажуваат антисоцијално однесување. Тие обично се униформни и имаат нереални очекувања во врска со развојот на детето.

Светска здравствена организација
Министерство за здравство на Република Македонија
Републички завод за здравствена заштита - Скопје
Фондација Институт отворено општество Македонија
Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ
unicef

Истражувањето покажува и дека злоупотребата на деца е поверојатна во заедници со висока стапка на сиромаштија, а помалку социјални мрежи и системи на соседска поддршка кои ги штитат децата.

## ШТО МОЖЕ ДА СЕ СТОРИ ЗА ДА СЕ СПРЕЧИ ЗЛОУПОТРЕБАТА И ЗАПОСТАВУВАЊЕТО НА ДЕЦАТА?

Некои од најефективните одговори за борба против злоупотреба и запоставување на децата се концентрираат на подигањето на децата, на односите родител-дете и на семејната средина, вклучувајќи:

- Обука за родителство-информирање на родителите за развојот на детето, како и за приврзаноста и поврзувањето, како и нивно подучување како да користат доследни воспитни методи и како да го контролираат семејниот конфликт.
- Програми со домашна посета-каде влегуваат редовни постети од медицинска сестра или друг здравствен работник на домовите на семејства со специјална потреба за поддршка околу грижата за децата, или каде постои ризик од нивно малтретирање. Интервенциите може да вклучат советување, обука и упати кај специјалисти или други агенции.

Меѓутоа, програмите кои примарно се фокусираат на сочувување на семејството без да ги третираат суштинските причини на проблемот се помалку ефективни. Оние кои вклучуваат висок степен на учество, користејќи метод кој ги надградува силите на семејството и кои вклучуваат елемент на социјална поддршка, изгледа дека продуцираат подобри резултати од оние без такви компоненти.

Здравствените работници имаат клучна улога во откривање, третирање и упатување случаи на злоупотреба и запоставување, како и во пријавување сомненија за малтретирање до соодветните власти. За да се олесни откривањето и пријавувањето, бројни здравствени организации развија програми за обука.

Додека оценките на овие програми покажуваат подобрувања во знаењето на здравствените работници за злоупотреба и запоставување на деца, не се знае какво е влијанието на програмите за обука врз другите резултати, како на пр., подобрена заштита и упатување на децата.
Други пристапи за превенција на злоупотребата и запоставувањето се фокусираат на:

- терапија и други услуги за деца кои биле сведоци или доживеале злоставување
- терапевтски програми за извршителите
- правни лекови како апсење, гонење, служби за заштита на децата и задолжителни и доброволни системи за известување што ќе помогнат во откривањето на случаите на злоупотреба.

Досегашните докази за корисноста на овие методи се доста ограничени. Повеќето не биле адекватно вреднувани.

Се повеќе се користат иницијативи базирани на заедницата за да се адресира проблемот. Додека некои се училишни-инструирање на децата како да препознаат заканувачки ситуации и нивно стекнување со вештини за заштита од злоупотреба-други вклучуваат соработка на многу сектори за подигање на знаењето и свеста, и за подобрување на службите.

Беа употребени и медиумски и друг вид превентивни кампањи за да се стимулира акција на заедницата и за да се променат моделите на однесување.

Може многу да се стори на општествено ниво за да се превенира злоупотребата и запоставувањето на децата-вклучително и мерки за справање со сиромаштијата, за подобрување на образовните и можностите за вработување и за зголемување на расположивоста и квалитетот на детската заштита. Овие мерки го имаат потенцијалот да ги изедначат социјалните и економските нееднаквости и да ги подобрат резултатите во поглед на децата.